Република Северна Македонија
Општина Вевчани
Бр. 01-105/2
26.01. 2022 год.
ВЕВЧАНИ

# Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | ОПШТИНА ВЕВЧАНИ |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Зорица Костојчиноска Дејковска –Виш соработник за администрирање на локални даноци,такси и надоместоци и Координатор за еднакви можности на жените и мажите на Општина Вевчани, |
| **Период на известување** | 01.01.2021-31.12.2021 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | **26.01.2022 година** |

**Име и презиме** (**Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**
**Дата, 26.01.2022 година**
**Потпис:**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

**Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот) :**

**Потпис:**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ :

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

А) Позитивни
Б) Охрабрувачки
В) Програмски

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

-Еднократна парична помош за лице кое има потреба од оперативен зафат или подолготрајно лекување во здравствена установа во земјата или странство,
-Еднократна парична помош за новороденче ,
-Изготвен Акциски план за родова рамноправност за 2022 година на Општина Вевчани и доставен на усвојување до Советот на општина Вевчани,
-Изготвена Програма за активностите од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина Вевчани за 2022 година и доставена на усвојување до Советот на општина Вевчани,
-Реконструкција на старата училишна зграда во нов модерен „Туристички центар-Вевчани„
-Реконструкција и адаптација на просториите во детската градинка„Планински цвет„-Вевчани,
-Реновирање на Дневниот центар за стари лица и пензионери-Вевчани,
-Набавена и инсталирана современа аудио и видео опрема за пренос во живо на седниците на Советот на Општина Вевчани,
-Набавени се 11 нови смарт табли и таблети за ООУ„Страшо Пинџур„-Вевчани,
-Пробивање,расчистување и тампонирање на земјоделскиот пат „Зодишта„
-Пробиен и проширен земјоделскиот пат „Стредорци„
-Изградба на локалната улица „Попаѓини_Кукој„
-Изградба на локалната улица„Пупини-Ќежој„
-Изградба на локалната улица„Бебекој кошари„
-Уредени сите шумски пасишта во заштитеното подрачје кои се одлични за пешачење,планински велосипедизам ...,
-Исчистен патот за Св.Спас,
-Исчистен и проширен патот за Голина преку Горна Белица,
-Одржани 3 (три) онлајн форуми на заедниците во рамките на проектот„Низ женски леќи„.. Преку форумите во заедницата се овозможи вклучување на граѓаните, посебно на целните групи кои се главен фокус на проектот со цел обезбрдување услови за приоретизирање на програмите и проектите како и истовремено подобрување на структурата на програмите во општините во кои се спроведува проектот.Како најсоодветна програма беше избран Буџетскиот форум.
Од 3 (трите) одржани онлајн форуми произлезе документот Предлог буџетска иницијатива подготвена од Центарот за истражување и креирање политики.

| |
|---|
| **2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**<br>Со мерките кои се превземаат се овозможува еднакво учество на жените и мажите во сите области од општествениот живот.<br><br>**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])<br>/ |
| **2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**<br>Донесени 7 (седум) Решенија за исплата на еднократна парична помош за новороденче, донесени 2 (две) решенија за еднократна парична помош за лице кое има потреба од оперативен зафат или подолготрајно лекување во здравствена установа во земјата или странство, |
| **2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС :**<br>-Вметнување на посебна ставка за еднакви можности во буџетот на Општина Вевчани за 2022 година. |
| **2.7.Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**<br>-Обезбедени средства за еднакви можности во буџетот на Општина Вевчани за 2022 година. |
| **2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**<br>• Со посебна ставка за родова еднаквост во буџетот се предвидени средства во износ од 20.000 денари. Со нив ќе се спроведе Програмата за еднакви можности на Општина Вевчани за 2022 година. |
| **2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**<br>-Буџет на Општина Вевчани за 2022 година. |
| **2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?** |

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

На крајот на 2020 година Општина Вевчани има потпишано меморандум за соработка со Центарот за истражување и креирање политики за проектот „Низ женски леќи:покревање на политики и буџетски иницијативи,следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост,„чија цел е постигнување на севкупно унапредување на родовата еднаквост во општината.
Во рамките на проектот се одржаа 3 онлајн форуми на заедницата.
Преку форумите во заедницата се овозможи вклучување на граѓаните, посебно на целните групи кои се главен фокус на проектот со цел обезбрдување услови за приоретизирање на програмите и проектите како и истовремено подобрување на структурата на програмите во општините во кои се спроведува проектот.
Како најсоодветна програма беше избран Буџетскиот форум.
Од 3 (трите) одржани онлајн форуми произлезе документот Предлог буџетска иницијатива подготвена од Центарот за истражување и креирање политики.

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**

*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

Општината располага со податоци кои се полово разделени во делот на:

- Податоци за вработени во општина Вевчани
  -вкупно административни службеници 9, од кои 5 се жени и 4 мажи
  -помошно технички персонал и тоа вкупно вработени 2 и тоа мажи.

- Податоци за вработени во општина Вевчани според звањето
  -советници 3, од кои 1 жена и 2 мажи,
  -виш соработник 3, од кои 2 жени и 1 маж,
  -помлад соработник 1, и тоа жена,
  -самостоен референт 2, од кои 1 жена и 1 маж,

- Податоци за корисници на средства доделени од општината
  -бројот на поднесени барања 9 од кои 8 жени и 1 маж

- Податоци за даночни обврзници според број на донесени решенија за данок на имот за 2021 година - физички лица
  - 770 решенија за физички лица, од кои 129 се за жени и 641 за мажи.

- Податоци за членови на Советот на општина Вевчани разделени по пол
  -советот на општината брои 9 члена од кои 4 се жени и 5 се мажи.

- Податоци за број на ученици и вработени во ООУ „Страшо Пинџур„Вевчани
  -број на ученици 180, од кои 88 машки и 99 женски,
  - број на вработени 35, од кои 19 жени и 16 мажи,
  -членови на Училишен одбор 7,од кои 3 мажи и 4 жени,

- Податоци за број на деца и вработени во ЈОУДДГ„Планински цвет„Вевчани
  -број на деца 53 , од кои 26 машки и 27 женски,
  -број на вработени 9, од кои 8 жени и 1 маж,
  -членови на Управен одбор 7,од кои 1 маж и 6 жени,

- Податоци за број на вработени во ЈП Еремја Вевчани
  -број на вработени 12, од кои 2 жени и 10 мажи,
  -членови на Управен одбор 5, од кои 3 мажи и 2 жени,

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**

*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

| |
|---|
| **2.12. Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**<br>Од страна Комисијата за еднакви можности-КЕМ изготвен е Акциски план за родова рамноправност на општина Вевчани за 2022 година и истиот е доставен на усвојување до Советот на општина Вевчани.<br>Како прилог на извештајот ќе Ви биде доставен Акцискиот план за родова рамноправност на општина Вевчани за 2021 година. |
| **2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**<br>**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**<br>**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**<br>**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**<br>**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**<br>Од страна Комисијата за еднакви можности-КЕМ изготвен е Акциски план за родова рамноправност на општина Вевчани за 2022 година и истиот е доставен на усвојување до Советот на општина Вевчани.<br>Како прилог на извештајот ќе Ви биде доставен Акцискиот план за родова рамноправност на општина Вевчани за 2021 година, но како резултат на пандемијата Ковид-19 нити една од предвидените активности не беше реализирана.<br>Од буџетот на општината се одвоени околу 20 000,00 денари, кој по потреба и се доделуваат на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за реализација на годишната програма за активностите од областа на еднаквите можности на жените и мажите.<br>Програмата на Комисијата за еднакви можностости на жените и мажите се реализира со сопствени средства на Општина Вевчани./без донации/. |
| **2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**<br>Не. |
| **2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**<br>-Присуство на информативен онлајн состанок во рамки на проектот „Низ женски леќи„<br>-Присуство на онлајн дебата на тема-„Со кои предизвици се срекаваат жените на позициите на донесувачи на одлуки во општините„.Дебатата е дел од активностите во рамки на кампањата „Месец на родова рамноправност во донесувањето одлуки„, а како дел од проектот „Низ женски леќи„<br>-Присуство на онлајн дебата на тема „Предизвици за родовата рамноправност при донесувањето одлуки„<br>-Присуство на еднодневна обука на тема:Родово разделени податоци,нивната важност и внесување на податоците во е-платформата www.rob.zels.org.mk, во рамки на проектот„Кон родово одговорни општини;зајакнување на |

општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање,,(2019-2021) организирана од ЗЕЛС,

а) слушател/*слушателка*
б) обучувач/обучувачка

**2.16 Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**
Родова еднаквост и недискриминација.

**2.17. . Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**
**Ве молиме опишете**
Добиените знаења се пренесуваат преку дискусија со вработените во Општина Вевчани.

**2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**
Предлог буџетските иницијативи –приоритизирани од страна на граѓаните-жители на општина Вевчани, кои произлегоа од форумите во заедниците кои беа организирани во рамки на проектот ,,Низ женски леќи,,

2.19.**Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**
Некои од предвидените иницијативи општината во соработка со Јавното комунално претпријатие и тоа во делот на обнова на некои од оштетените мостови околу Вевчанските извори и кејот покрај реката, чистење на каналите за наводнување како и чистење на отпадот во реката ги има превземено и во иднина ќе продолжи со такви активности.
Дел од иницијативите бараат и големи финансиски средства а општина Вевчани е со ограничен буџет нема доволно средства сама да ги реализира .
Се надеваме дека во иднина ќе обезбедиме средства преку донатори или од централната власт за реализација на иницијативите.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**
-Незаинтересираност на дел од администрацијата и советниците за темата еднакви можности,
-Нереализирани е-обуки на општинската администрација преку системот за учење на Министерството за информатичко општество,
-Постојат тешкотии при собирањена податоци релевантни за темата еднакви можности и родова рамноправност.

| |
|---|
| **3.2.** Споделете пример за добра или лоша пракса |
| **3.3.** Наведете примери за научени лекции |

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1.** Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)

Во наредниот период целта ќе биде да се реализираат планираните активности во програмата и акциските планови, кои ќе дадат свој значаен придонес на полето на еднаквите можности .

Програмата за активностите од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Вевчани се уште не е донесена од Советот на општина Вевчани но истата е изготвена од страна на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и доставена е на усвојување до Советот на општина Вевчани.

Согласно Програмата за 2022година предвидено е следното :

1. Мониторинг на родовата дискриминација во Општина Вевчани;
2. Промовирање и унапредување на потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница/доследна примена на Законот за еднакви можности на жените и мажите(„Службен весник на РМ„ бр.06/12);
3. Подобрување на здравствената заштита во време на пандемија;
4. Обука за внесување на родовата перспектива во локалната средина;
5..Подигање на свеста запрепознавање и заштита од булинг помеѓу младите;
6.Препознавање и справување со стрес на работното место и професионално согорување;
7. Семејно и родово базирано насилство.

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1.** Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Вевчани на новиот советнички состав е формирана на 15.12.2021 година со Одлука на Советот на Општина Вевчани бр.08-39/29 од 15.12.2021 година.

5.1.1. **Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

а) Пол

-2 женски и 1 машки пол

**б) Образование**

-1 член со високо образование и 2 члена со средно образование

**в) Етничка припадност**

-Македонци

**г) Припадност на политичка партија**

-СДСМ и ВМРО ДПМНЕ

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа-Не

б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа-Да

в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа-Не

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?**

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**

,Од страна Комисијата за еднакви можности-КЕМ изготвени се и Програмата за активности од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Вевчани за 2022 година и Акциски план за родова рамноправност на општина Вевчани за 2022 година и истите се доставени на усвојување до Советот на општина Вевчани.

**5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на општина Вевчани за извештајниот период 01.01.2021-31.12.2021 година има одржано еден состанок за изготвување на Програма за активности од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Вевчани за 2021 година и изготвување на Акционен план за родова рамноправност на општина Вевчани за 2021 година.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

-Одржување на обуки за координаторите и членовите на Комисијата за

еднакви можности на жените и мажите(особено за членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на почетокот на мандатот каде ќе им биде презентиран и дискутиран Законот за еднакви можности на жените и мажите, нивните обврски, задачи и должности бидејќи ретко кој од членовите е запознаен или имал некакво работно искуство од областа на родовата еднаквост.

-Одржување на обуки или координативни состаноци со координатори/заменици координатори од други општини со цел запознавање и преземање на заеднички иницијативи за спроведување на законот.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**